РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1834/2
27-07-2026 г./v.

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под бр. 12-1834/1 од 27.04.2026 година, поднесена против Советот на Општина ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата да се достави до Државниот инспекторат за локална самоуправа.

Предметот со бр. 12-1834/1 од 27.04.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 27.04.2026 година, поднесена е пријава против Советот на Општина ----.
Пријавата содржи реакција на Одлука арх. бр. ---- од ---- година, донесена од Управен одбор на Комунално претпријатие ----, со којашто се покачуваат цените на услугите за подигање на отпад. Советот на Општина ---- ја усвоил

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

горенаведената одлука, небазирано на економската оправданост и не дал образложение за издржаноста на одлуката.

*Според пропишаното во член 3 став 1 точки 2 и 5 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010, 187/2013, 43/2014 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/2025) (понатаму: Закон), „Надзор“ е надзор над законитоста на прописите на општините кој го врши Инспекторатот во смисла на Законот за локалната самоуправа и по иницијативи на физички и правни лица; „Вонреден инспекциски надзор“ е ненајавен инспекциски надзор кој се врши врз основа на иницијативи, известувања, предлози и претставки од физички и правни лица, како и во случаи на основано сомнение на Инспекторатот.*

*Според член 3 од Законот, инспекцискиот надзор од членот 3 на овој закон, го врши Државниот инспекторат за локална самоуправа, како орган во состав на Министерството за локална самоуправа.*

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува поради што предметната пријава ќе се достави до Државниот инспекторат за локална самоуправа.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК